
ОПШТИНА
КИСЕЛА ВОДА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани пријатели, драги соседи,
мои сограѓани од Општина Кисела Вода,

Голема чест е да бидам кандидатка за градоначалник на Општина Кисела Вода. Нашата Општина е пример за тоа што значи кога одговорен и чесен човек раководи со неа. Токму затоа, за мене оваа кандидатура претставува предизвик и уште поголема обврска да продолжам по истата патека – патека која води кон тоа нашата Кисела Вода да остане и да се развива во урбан и современ простор за живеење.

Постигнавме многу успеси, реализиравме бројни проекти и работевме напорно за денес да живееме во модерна и уредена Кисела Вода. Токму затоа нашата Општина е место полно со пријателство, енергија и љубов. Од тие причини се обврзувам дека заедно со сите вас – граѓаните на Општина Кисела Вода – ќе работам на обезбедување на сите потреби што ќе ја гарантираат безбедноста на нашите деца, ќе овозможат грижа за возрасните, за младите, за социјално ранливите семејства и за домашните миленици, со еден збор – за сите предизвици со кои ќе се соочиме во наредните четири години. Така и треба да биде, бидејќи Кисела Вода заслужува работа и успеси во континуитет. Силно верувам дека секогаш можеме да вложиме повеќе и да бидеме во чекор со времето во кое живееме. Ќе се залагам нашата Општина да биде место каде младите ќе ја гледаат својата иднина со многу нови можности. Затоа излегувам пред вас со мојата програма, создадена заедно со вас – преку нашите разговори, идеи и предлози – како заедничка визија што гарантира сигурна Општина со изобилство потенцијали, прилики и можности за избор. Во фокусот на мојата работа, како врвни приоритети, ќе бидат образованието, заштитата на животната средина и социјалната заштита, бидејќи секое дете заслужува квалитетно училиште, секое семејство поддршка, а секој граѓанин право на чист воздух и достоинствен живот. Ќе се заложам за поголеми вложувања во образованието, спортот, културата и економијата.

Како една од вас, ви ветувам дека ќе сторам сè нашата Општина да продолжи да се развива како центар на можностите, оаза на триумфот и локална самоуправа што инспирира. Кисела Вода е местото

каде што секој треба да се чувствува како дома – отворена, домаќинска, топла, дом за сите граѓани!

Знам дека заедно можеме да постигнеме многу. Затоа ве повикувам да ни се придружите и да ги поддржите проектите што значат развој, урбано живеење и иднина со можности за сите.

Ви ветувам дека заедно ќе се бориме за секое ново работно место и за сите нови инвестиции. Ќе се заложам и ќе создадеме услови за законски и фер рамки во урбанизмот, каде нашите компании ќе растат, а младите ќе одлучат дека дома е најубаво. Младите се нашата иднина и тие треба да имаат можности кои ќе ги пренесат и на идните поколенија.

Време е за нови победи!
За Кисела Вода каква што
сите ја посакуваме!

Со почит,
Бети Стаменкоска Трајкоска
Кандидатка за градоначалник на
Општина Кисела Вода

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Светлана Колариќ -Носител на листа
2. Николче Николовски
3. Сашо Андонов
4. Бети Брсакоска Георгиевска
5. Антонио Десковски
6. Петар Младеновски
7. Зорица Огненовска
8. Билјана Стојановска (коалиција СПМ)
9. Бојан Димковски
10. Златко Костадиновски
11. Марија Атанасовска
12. Бранислав Зукиќ (коалиција ДПСМ)
13. Драган Василевски
14. Љубиша Спасовски
15. Мануела Ивановска
16. Христос Папули (коалиција Власи)
17. Пецо Долевски
18. Ирена Стефановска
19. Саше Илиевски
20. Лидија Малинкова
21. Горан Манасијевски
22. Тони Богданоски
23. Сунчица Георгиевска
24. Марјан Петрушев
25. Кире Јаневски
26. Деспина Петревска
27. Емилија Андреоска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

## Системска програма за урбана хигиена и чиста животна средина

Подобрување на квалитетот на животот преку редовно одржување на јавната хигиена, намалување на дивите депонии и создавање чисти, уредни и безбедни јавни простори:

1. Засилено чистење и миење на улиците и јавните површини;
2. Поставување нови канти за отпад;
3. Организирање акции за отстранување на диви депонии;
4. Вклучување на граѓаните и училиштата преку едукативни кампањи и волонтерски акции „Чиста месна заедница";
5. Одржливо управување со отпадот преку воведување пунктови за рециклажа.

## Пошумување на Кисела Вода – Зелени паркови и училишни мини шуми

Со цел подобрување на квалитетот на воздухот, зголемување на зелените површини и ублажување на климатските промени, Општина Кисела Вода започнува долгогодишен проект за пошумување преку садење 1000 садници годишно, односно 4000 дрвја во период од четири години.

Проектот опфаќа формирање нови зелени паркови, пошумување на јавни простори и создавање училишни мини шуми – едукативни зелени зони во училишните дворови, кои ќе вклучуваат активно учество на ученици, наставници и заедницата.

Овој проект ќе придонесе за поздрава животна средина, зголемена еколошка свест кај младите и поубав изглед на општината.

## Младински центар – coworking (заедничка работна средина); спорт; култура

Формирање на модерен Младински центар – простор наменет за развој, дружење и активизам на младите. Центарот ќе обединува „co-working" зона за учење и работа, спортски содржини за рекреација и здрав живот, како и културен простор за настани, работилници, музика и уметност. Целта е да се создаде безбеден, инспиративен и функционален простор каде младите ќе можат продуктивно да го користат своето време, да соработуваат, да се развиваат и активно да придонесуваат во заедницата.

Со овој проект, Кисела Вода ќе добие вистински центар на енергија, идеи и младинска иницијатива.

### Ново паркирање, нов ред – Кисела Вода продолжува да се уредува

Со порастот на бројот на жители и подобрувањето на животниот стандард, се зголемува и бројот на моторни возила во урбаните средини. Општина Кисела Вода се соочува со сериозен недостаток на паркинг простор, што предизвикува загушување на сообраќајот, намалена безбедност за пешаците, хаотичен урбан изглед и зголемено загадување од возила кои кружат во потрага по слободно место.

Со реализацијата на овој проект ќе се обезбедат над 500 нови паркинг-места во Кисела Вода преку катни и монтажни гаражи, како и преку уредени површини. На тој начин ќе се намали сообраќајниот метеж, ќе се зголеми безбедноста на улиците и граѓаните ќе добијат поуредена и пофункционална урбана средина.

Дополнително, на сите постоечки паркинзи каде сè уште не се обезбедени, како и на сите новоизградени паркинзи, задолжително ќе бидат обележани и обезбедени паркинг-места за лица со попреченост, во целосна согласност со важечките прописи и стандарди.

### Нова општинска зграда - изработка на проект, идејно решение со проектна документација

Општина Кисела Вода има потреба од нова, современа и функционална општинска зграда. Целта е да се изработи идејно архитектонско решение и целосна проектна документација, како прв чекор кон изградба на нова зграда што ќе обезбеди подобри услови за работа на општинската администрација и поефикасни услуги за граѓаните.

Со новата зграда се предвидува простор кој ќе биде енергетски ефикасен, достапен за лицата со попреченост и технолошки опремен, согласно современите стандарди. Подобрувањето на административната инфраструктура ќе придонесе за поголема транспарентност, подобра комуникација со жителите и побрза обработка на барањата.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Одржување, санација и реконструкција на целата подземна инфраструктура во Општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода ќе продолжи со подобрување на квалитетот на живот, заштитата на животната средина и спречување на идни проблеми со водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води и атмосферска канализација.

За таа цел ќе ги обновуваме дотраените водоводни и канализациски мрежи, ќе вршиме замена на оштетени цевководи, подобрување на системот за одводнување и зголемување на безбедноста и ефикасноста на подземните инсталации. Овој инфраструктурен зафат е основа за понатамошен урбан развој, модернизација и сигурни услови за домување и деловно работење во општината.

## Санација и реконструкција на патната инфраструктура во Кисела Вода

За улиците што не биле опфатени со претходни инвестиции се планира нивна обнова, вклучително обнова на тротоари и пешачки патеки, подобрување на одводнувањето, поставување нова сигнализација и зголемување на безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Со овој зафат се обезбедува поудобно, побезбедно и поефикасно движење низ сите делови на Општината. Проектот претставува значаен чекор кон рамномерен инфраструктурен развој на целата територија на Кисела Вода

## Естетско уредување на општината – паркови, патеки и тротоари

Проектот има за цел украсување и подобрување на јавните простори во општина Кисела Вода преку естетско уредување на парковите, поставување реквизити за рекреација и игра, уредување на пешачките патеки и реконструкција на тротоарите. Со ова ќе се создаде пријатна, зелена и безбедна средина за сите генерации, место каде што граѓаните ќе можат да се релаксираат, дружат и уживаат во природата и урбаната средена околна.

Проектот ќе придонесе за подобрување на квалитетот на живот и ќе ја зголеми привлечноста на општината како модерно и пристојно место за живеење.

## Обнова на сообраќајната сигнализација и подобрување на безбедноста околу училиштата и градинките

Проектот има за цел обнова и модернизација на сообраќајната сигнализација во Општина Кисела Вода, со посебен фокус на безбедноста на најранливите учесници во

сообраќајот – децата.

Ќе се поставаат паметни пешачки премини и дополнителни безбедносни мерки околу училиштата и градинките, со цел да се намали ризикот од сообраќајни незгоди и да се овозможи побезбедно движење на пешаците. Проектот ќе го зголеми нивото на грижа и внимание кон безбедноста, поттикнувајќи поодговорно однесување кај возачите и создавајќи побезбедна средина за сите граѓани.

### Темелна реконструкција на дел од патот „Теферич“ со атмосферска канализација и создавање рекреативна зона

Проектот предвидува темелна реконструкција на дел од патот Теферич, вклучувајќи изградба на нова атмосферска канализација за подобро одводнување и заштита од поплави. Воедно, ќе се уреди и создаде видиковец и рекреативна зона – место со прекрасен поглед кон градот, каде жителите ќе можат да уживаат во природа, рекреација и да создаваат спомени.

### Реконструкција и изградба на улици

- **Улицата Михаил Чаков** - изградба на нов дел од оваа улица со која ќе се поврзат населбите 11 Октомври згради со бараки. Улицата ќе биде со потребната подземна инфраструктура и улично осветлување.
- Комплетна реконструкција на улиците во населба Каменик 1 и Каменик 2 (Стаклара), после изградбата на водоводната мрежа.

### Пристапни рампи за лица со попреченост

Општина Кисела Вода има за цел да обезбеди подобрена пристапност до и во јавните објекти и простори. Преку мапирање, изработка на проектна документација и изградба на пристапни рампи, ќе се адаптираат над 30 институции како училишта, градинки и спортски сали. Овој проект ќе ја зголеми мобилноста и инклузијата на лицата со попреченост, усогласувајќи ги објектите со националните и европските стандарди.

### Пешачко-велосипедска патека: Обиколка на Кисела Вода

Овој повеќегодишен проект ќе овозможи граѓаните на Кисела Вода да ја обиколат општината пеш или со велосипед, по уредена, безбедна и осветлена патека која ги поврзува урбаните и руралните делови. Патеката започнува од стадионот во Пржино, поминува покрај Гоцево чешмиче и црквата Св. Ѓорѓија и продолжува до населбата Припор, Усје, Пинтија до Драчево, па назад покрај пругите до населбата Градинар и да се поврзе со трим патеката кај булеварот Србија. Покрај патеката ќе се постави урбана опрема и ќе се озелени просторот. Проектот ги обединува спортот, екологијата и заедништвото, придонесува за подобро здравје, почист воздух и поквалитетен живот за сите жители.

### Изградба на пешачка патека долж река Мала рада

Во соработка со Владата ќе пристапиме кон изградба на нова пешачка патека од бекатон елементи долж левата страна на р. Мала Рада, гледано низводно кон железничката пруга, во должина од околу 700 метри. Патеката ќе биде опремена со урбана опрема – клупи, канти за отпадоци и декоративни канделабри со височина од 6 метри, со што ќе се создаде пријатен, осветлен и функционален простор за рекреација, прошетки и одмор. Овој проект ќе овозможи подобрување на јавниот простор, ќе ја зголеми достапноста до природните ресурси и ќе придонесе кон поквалитетно слободно време за жителите од овој дел на општината.

### Изградба на фекална канализација по Бабин дол во Припор

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе го реши долгогодишниот проблем со недостиг на фекална канализација во дел од населбата Припор, преку изградба на нова канализациска мрежа по трасата на Бабин дол, во должина од околу 800 метри. Овој инфраструктурен зафат ќе овозможи хигиенско и еколошки одржливо управување со отпадните води, ќе го подобри јавниот здравствен стандард и ќе придонесе кон поквалитетни услови за живеење.

### Изградба на фекална канализација на дел од ул Томе Арсовски

Во соработка со Владата, Ќе се реализира изградба на фекална канализација на дел од ул. Томе Арсовски, со цел прифаќање и регулирано одведување на отпадните води. Проектот предвидува доизградба на канализациската мрежа кон ул. Димо Хаџи Димов, со што ќе се реши долгогодишниот комунален проблем што ги засега жителите од овој дел на општината.

### Реконструкција на пат Драчево- Охис

Во соработка со Владата, ќе започнува пробивање и целосна реконструкција на патот Драчево–ОХИС, на делницата од мостот на р. Маркова Река до патот за Лисиче кај фабриката ОХИС, во должина од околу 2 километри. Сегашниот земјан пат ќе биде трансформиран во современа сообраќајница со асфалтен коловоз и тротоари, согласно теренските можности. Овој пат ќе овозможи алтернативна и побрза комуникација за жителите од Драчево, Студеничани и Зелениково, кои ќе можат да го избегнат метежот на бул. Борис Трајковски и преку Лисиче поефикасно да стигнат до централниот дел на градот или кон бул. Србија и излезот од Скопје. Проектот ќе придонесе кон подобра поврзаност, зголемена безбедност и унапредување на регионалната мобилност.

### Реконструкција на дел од ул Киро Фетак со опфат на мостот на истата улица

Во соработка со Владата, ќе се спроведе реконструкција на критичниот дел од ул. Киро Фетак,  со опфат на мостот кој во изминатите години беше локација на бројни

сообраќајни незгоди, при што често се рушеше оградата, а возила завршуваа во атмосферскиот канал. Изготвена е проектно-техничка документација за проширување на улицата и целосна санација на мостната конструкција, со што ќе се подобри безбедноста, стабилноста и функционалноста на овој дел од патот. Како дел од регионалниот пат Р-1106, кој претставува важна трансверзала меѓу Кисела Вода, Зелениково и Студеничани кон автопатот

### Реконструкција на ул. Томе Арсовски

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе реализира рехабилитација на ул. Томе Арсовски, која се наоѓа во населбата Бирарија и е во лоша состојба со оштетен асфалт и бројни ударни дупки. Изготвена е проектно-техничка документација за санација на коловозот и пробивање на улицата кон ул. 474, односно кон црквата „Света Петка", со вкупна должина од 530 метри. Овој инфраструктурен зафат ќе овозможи подобра поврзаност, побезбедно движење и поквалитетни услови за жителите од овој дел на општината, придонесувајќи кон функционална и достапна урбана средина.

### Реконструкција на ул. Фредерик Шопен

Во соработка со Владата, Ќе се спроведе реконструкција на ул. Фредерик Шопен, која се наоѓа во населбата Бирарија, на границата со Црниче. Поради оштетен асфалт, отворени ударни дупки и фактот дека улицата не е санирана повеќе од 30 години, изготвена е проектно-техничка документација за целосна рехабилитација. Интервенцијата опфаќа санација на коловозот, пополнување на оштетувањата и изградба на три нови паркинг простори, со што ќе се подобри пристапноста, безбедноста и функционалноста на овој дел од општината.

### Реконструкција на новопроектирана ул. 2 со паркинг простор

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе изврши реконструкција на новопроектираната улица 2, која претставува крак од ул. Фредерик Шопен и согласно ДУП Бирарија ја поврзува ул. Фредерик Шопен со ул. Антон Попов. Со должина од околу 80 метри, оваа улица ќе биде целосно уредена и опремена со паркинг простор, што ќе овозможи подобра локална поврзаност и ќе го растовари метежот што се создава на ул. Павел Шатев. Проектот ќе придонесе кон поефикасна урбана мобилност, зголемена пристапност и поквалитетни услови за живеење во овој дел од општината.

### Реконструкција на ул. Жил Верн

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе спроведе реконструкција на ул. Жил Верн, која се наоѓа во централниот дел на општината и претставува важна сообраќајна врска меѓу населбите Цветан Димов, 11 Октомври – згради, ул. Есенинова и ул. Михаил Чаков. Поради високата фреквенција и фактот дека улицата не е реконструирана повеќе од 40 години, а коловозот е значително оштетен, изготвена е

проектно-техничка документација за целосна санација на делницата во должина од околу 250 метри. Со овој зафат ќе се подобри безбедноста, ќе се олесни секојдневното движење и ќе се унапреди квалитетот на урбаната инфраструктура во срцето на општината.

- **Реконструкција на ул.527**

Во соработка со Владата, ќе се реконструира ул. 527, која се наоѓа во централниот дел на општината и претставува важна врска меѓу бул. Борис Трајковски и ул. Жил Верн. Поради значителни оштетувања предизвикани од претходни градежни активности, изготвена е проектно-техничка документација за санација на оваа делница во должина од 150 метри. Со реконструкцијата ќе се подобри безбедноста, ќе се олесни секојдневното движење и ќе се унапреди квалитетот на патната инфраструктура во овој густо населен и сообраќајно активен дел од општината.

- **Реконструкција на улиците во нас Пинтија**

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе спроведе реконструкција на улиците во населбата Пинтија, на потегот каде претходно беше изведена фекалната канализација. Ќе се спроведе целосна санација на оштетените коловози, со што ќе се врати функционалноста и безбедноста на уличната инфраструктура. Овој зафат ќе придонесе кон подобрување на условите за движење, зголемување на квалитетот на живеење и унапредување на урбаната средина во овој дел од општината.

- **Реконструкција улиците Герника и ул. Речиште во с. Драчево**

Во соработка со Владата, Општина Кисела Вода ќе спроведе реконструкција на улиците Герника и Речиште во с. Драчево, кои претставуваат важни локални сообраќајници со висока фреквенција на движење. Со овој зафат ќе се санира оштетениот коловоз, ќе се подобри одводнувањето и ќе се овозможи побезбедно и поефикасно движење за жителите. Реконструкцијата ќе придонесе кон подобрување на урбаната инфраструктура, зголемување на пристапноста и унапредување на условите за живеење во овој дел од општината.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

### Поддршка на иновации и претприемништвото во Кисела Вода

Општина Кисела Вода ќе развие системски пристап за поттикнување на креативноста, иновативното размислување и претприемачкиот дух кај младите, преку формирање на финансиски и образовни механизми кои ќе овозможат развој на нови идеи, стартапи и иновативни бизниси. Проектот предвидува основање на локален иновациски центар, поддршка за младински иницијативи, обуки за дигитални и бизнис вештини, како и пристап до менторство и старт-ап фондови. Со оваа програма, Кисела Вода ќе стане средина која ги охрабрува младите да создаваат, да ризикуваат и да градат одржливи економски модели, придонесувајќи кон локален развој, вработување и технолошка трансформација.

### Формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи

Општина Кисела Вода ќе воспостави локален иновациски фонд со цел да обезбеди финансиска и стручна поддршка за старт-ап проекти и мали претприемачки иницијативи на млади лица до 35 години. Преку овој фонд ќе се доделуваат грантови и поволни микро кредити за развој на иновативни бизниси, ќе се обезбеди менторство и советување од експерти во областа на претприемништво, маркетинг и технологии, како и организација на јавни конкурси за најдобри стартап идеи со награди за најиновативните проекти. Иницијативата има за цел да поттикне младинска креативност, да го зајакне локалниот економски потенцијал и да создаде нова генерација на претприемачи кои ќе придонесат кон динамичен и одржлив развој на општината.

### Креирање на научно-образовен локален центар

Формирање научно-образовен локален центар со цел да обезбеди простор за обука, истражување и развој на нови технологии и иновативни решенија. Центарот ќе вклучува лаборатории и coworking простори за млади истражувачи и претприемачи, како и програми за обука, семинари и работилници за дигитални и технолошки вештини. Ќе се воспостават партнерства со универзитети и научни институти за поддршка на истражувања и стартап проекти. Проектот ќе поттикне развој на иновативни бизниси, создавање нови работни места и привлекување инвестиции во технолошки и креативни индустрии. Социјално, ќе се охрабри креативноста и претприемачкиот дух кај младите, ќе се зајакне соработката меѓу образовните институции и локалната власт, и ќе се создаде модерна општина со можности за развој. Образовно, ќе се подо-

брат дигиталните вештини и ќе се поддржат истражувања во соработка со академски партнери. Долгорочно, ќе се изгради екосистем на иновации и претприемништво, ќе се зголеми конкурентноста на локалната економија и ќе се поттикнат младите да останат и да градат кариера во Кисела Вода. Центарот ќе биде катализатор за трансформација на општината во динамична, паметна и инклузивна средина.

### Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП

Проект за унапредување на локалната бизнис клима преку подобрување на инфраструктурата, модернизација на административните услуги и директна поддршка на малите и средни претпријатија (МСП). Целта е да се создадат услови за поефикасно водење бизнис, зголемена конкурентност и привлекување на нови инвестиции. Проектот ќе вклучува уредување на деловни зони, дигитализација на општинските процедури, олеснување на пристапот до информации и финансиски инструменти за МСП. Со овие мерки се очекува создавање нови работни места, поттикнување на локалното претприемништво и развој на одржлива економија. Кисела Вода се позиционира како општина која активно ги поддржува деловните иницијативи и гради стабилна основа за економски раст.

### Поддршка за бизнис клима

Сеопфатен проект за поддршка на бизнис климата преку дигитализација на административните услуги, воведување онлајн платформа за претприемачи и формирање локален бизнис инкубатор за стартапи и МСП. Проектот предвидува финансиска и експертска поддршка, микро-грантови и субвенции за развој на нови производи и услуги, како и обуки и менторство во клучни деловни области. Ќе се овозможи учество на локални фирми на саеми и промоции, со цел зголемување на нивната видливост и пазарен потенцијал. Очекуваните економски придобивки вклучуваат зголемена конкурентност, нови инвестиции и отворање работни места. Социјално, проектот ќе поттикне младинско претприемништво, иновации и соработка меѓу бизнис секторот и општината. Инфраструктурно, ќе се подобри пристапот до јавни услуги и ќе се создадат современи деловни зони. Административно, ќе се намалат бирократските процедури и ќе се зголеми транспарентноста и ефикасноста на општинските служби. Овој пристап ќе ја позиционира Кисела Вода како динамична, поддржувачка и конкурентна средина за развој на локалната економија.

### Локална стратегија за промоција на странски инвестиции

Општина Кисела Вода ќе спроведе локална стратегија за привлекување странски инвестиции преку подобрување на инфраструктурата, олеснување на административните процедури и активна промоција на инвестиционите можности. Проектот предвидува финансиска и не финансиска поддршка за странски инвеститори, вклучувајќи субвенции, даночни олеснувања, поволни кредити, менторство и обуки за локални партнери. Ќе се организираат конференции, саеми и бизнис форуми, како и промо-

тивни активности преку веб платформи и материјали на странски јазици. Стратегијата вклучува развој на човечки капитал преку обуки, стажирања и поттикнување на младинска креативност. Очекуваните придобивки се економски раст, нови работни места, зголемена конкурентност и интеграција на локалната економија во меѓународниот пазар. Социјално, ќе се зајакне квалификуваната работна сила и ќе се поттикне соработка меѓу локални и странски компании. Инфраструктурно, ќе се развијат модерни бизнис-зони и индустриски паркови, а маркетингот ќе ја позиционира Кисела Вода како инвестициски атрактивна општина.

### Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси

Општина Кисела Вода ќе спроведе проект за поддршка на занаетчиството, семејните бизниси и микро-претприемништвото, со цел да се стимулира локалната економија, да се создадат нови работни места и да се задржи младата и квалификувана работна сила. Проектот предвидува финансиска поддршка преку грантови, субвенции и микрокредити, како и обуки и менторство за развој на бизниси. Ќе се промовираат локалните производи и услуги, ќе се создадат пазарни места и занаетчиски центри, со што ќе се поттикне иновација, креативност и соработка меѓу претприемачите, здруженијата и општината. Посебен акцент ќе се стави на поддршка на традиционалните занаети, што ќе придонесе за промоција на локалната култура и развој на уникатни туристички продукти. Инфраструктурно, ќе се обезбедат нови пазари и креативни простори за локални претприемачи. Проектот ќе ја позиционира Кисела Вода како општина која активно го поддржува локалниот развој и претприемачкиот дух.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Проектот „Училници на отворено“,

има за цел да создаде пријатни и инспиративни простори за учење во природа. Со изградба на удобни и функционални училници на отворено, учениците ќе имаат можност да го следат наставниот процес во здрава, свежа средина, што го поттикнува креативното размислување и подобрува концентрацијата. Овие простори ќе бидат опремени со потребните наставни средства и ќе бидат достапни за сите училишта во општината.

## „Климатизација на сите училишта во Општина Кисела Вода“

Поради сѐ почестите климатски промени и растечките температури, се јави потреба за обезбедување соодветни услови за квалитетна и непречена настава. Проектот предвидува климатизација на сите училишта во Општината со цел подобрување на работната средина за учениците и наставниот кадар.

Реализацијата ќе се изведе во две фази:

1. фаза: Проектна проверка и адаптација на електричната инсталација во училиштата.

2. фаза: Инсталација на системи за климатизација во сите училишни простории.

Со овој проект се обезбедува здрава и удобна средина за учење, што ќе ја подигне ефикасноста и квалитетот на наставата.

## Уредување на подните површини во училиштата

Проектот предвидува обнова и уредување на подните површини во основните училишта на територија на Општина Кисела Вода, со цел да се обезбеди побезбедна, почиста и поудобна средина за учениците и наставниот кадар. Санацијата вклучува замена на оштетени подови, поставување нови подни облоги со соодветна издржлива површина.

## Партерно уредување на училишните дворови

Проектот има за цел целосно партерно уредување на училишните дворови во општината, со што ќе се создадат безбедни, функционални и пријатни простори за учениците. Активностите опфаќаат уредување на зелени површини, обновување на патеки и платоа, поставување урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, осветлување), како

и обнова на огради и спортски површини. Со овој проект се поттикнува поголема физичка активност, дружење и подобрување на училиштата како отворени и уредени заеднички простори.

### Партерно уредување на градинките и обнова на детските катчиња

Проектот има за цел партерно уредување на дворните површини на детските градинки и обнова на детските катчиња, со цел создавање безбедна, стимулативна и пријатна средина за најмладите. Ќе се уредат зелени површини, ќе се постави нова урбана опрема, ќе се обноват или заменат постоечките реквизити за игра, како и подлогите за игралишта, согласно со стандардите за безбедност. Со проектот се поттикнува раниот детски развој, физичка активност и игра во средина која е прилагодена и инспиративна за децата.

### Изградба на спортска сала во ОУ „Кузман Шапкарев“

Проектот предвидува изградба на нова спортска сала во основното училиште „Кузман Шапкарев“, со цел да се обезбедат современи услови за спорт, настава по физичко образование и воннаставни активности за учениците. Салата ќе биде целосно затворена, енергетски ефикасна и опремена со неопходна спортска опрема, соблекувални и санитарни јазли. Со реализација на овој проект, училиштето ќе добие функционален простор кој ќе придонесе за развој на спортскиот дух, здрави навики и квалитетно воспитно-образовно искуство.

### Реконструкција на спортската сала во централното училиште „Круме Кепески“

Проектот има за цел целосна реконструкција на постојната спортска сала во ООУ „Круме Кепески“, со што ќе се подобрат условите за спорт и физичко образование.

Со оваа реконструкција ќе се обезбеди безбеден, модерен и функционален простор, кој ќе овозможи редовна спортска активност и ќе го унапреди воспитно-образовниот процес.

### Реконструкција на подрачното основно училиште „Рајко Жинзифов“ – Пинтија

Проектот предвидува целосна реконструкција на подрачното училиште „Рајко Жинзифов“ во населбата Пинтија, со цел обезбедување подобри услови за учениците и наставниот кадар. Со реконструкцијата, училиштето ќе добие модерна, безбедна и функционална образовна средина, која ќе го подобри квалитетот на наставата и ќе ја зголеми мотивацијата кај учениците.

### „Безбедни во сообраќајот“

Во соработка со надлежните институции, започнува проект за едукација и превенција со учениците со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот. Преку интерактивни работилници, симулации, предавања и практични активности, учениците ќе се запоз-

наат со правилата на однесување во сообраќајот, особено како пешаци и велосипедисти. Проектот „Безбедни во сообраќајот“ има за цел да развие свест и одговорност кај младите, да ги намали ризиците од незгоди и да придонесе за побезбедна средина во и околу училиштата,  но и да развива натпреварувачки дух кај учениците со организирање на сообраќајни натпревари.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Дигитална библиотека – Општина Кисела Вода

Реализација на Дигитална библиотека – онлајн платформа што ќе овозможи бесплатен пристап до електронски книги, учебници, научни трудови и културни содржини за сите граѓани.

Проектот има за цел да ја поттикне читателската култура, особено кај младите, да овозможи поддршка за ученици, студенти и истражувачи, како и да зачува дел од локалното културно наследство во дигитален формат.

Со оваа иницијатива имаме за цел, Кисела Вода да се позиционира како иновативна и образовно ориентирана општина, отворена за знаење и технологија.

## Продолжување и надградба на дигиталните општински услуги

Општина Кисела Вода да продолжи со процесот на дигитализација на своите услуги, со цел да обезбеди побрзо, потранспарентно и поквалитетно сервисирање на граѓаните.

Преку модернизација на постоечките дигитални алатки и воведување нови е-услуги, ќе се намали влијанието на човечкиот фактор, ќе се зголеми професионалноста во работењето и ќе се обезбеди брза и ефикасна комуникација помеѓу граѓаните и администрацијата. Целта е граѓаните да добијат услуги на едно кликнување – без чекање, без непотребна бирократија, со целосна транспарентност.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Фотоволтаици за сите спортски сали

Проектот предвидува инсталација на соларни панели (фотоволтаици) на сите спортски сали во општина Кисела Вода, со цел да се обезбеди енергетска ефикасност и значително намалување на трошоците за електрична енергија. Со користење на обновливи извори на енергија, се придонесува кон еколошка одржливост и намалување на јаглеродниот отпечаток на спортските објекти. Дополнително, заштедите од намалената потрошувачка на електрична енергија ќе овозможат ослободување на средства кои ќе се инвестираат во развој и подобрување на спортската инфраструктура и активности. Овој проект ќе ги направи спортските сали поекономични и поздрави за животната средина, додека истовремено ќе ја поддржи спортската заедница.

## Училишна олимпијада

Проектот претставува циклус на спортски натпревари кои се одржуваат низ целата учебна година, со вклучување на ученици од сите основни училишта во Општина Кисела Вода. Учениците ќе се натпреваруваат во различни спортови, а на крајот, по повод патронот на општината - празникот Ѓурѓовден, ќе се организира дефиле и свечено прогласување на најдобрите спортисти и екипи. Оваа олимпијада има за цел да ги поттикне спортските активности, тимската соработка и здравиот натпреварувачки дух кај младите.

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Континуираните инвестиции во фотоволтаици, енергетска ефикасност, замена на азбестни кровови, пошумување и субвенции за греење и климатизацијата, значително ќе придонесат за подобрување на животната средина, намалување на трошоците за енергија и зголемување на квалитетот на живот во Општина Кисела Вода.

### Еко-патроли и инспекција

Проектот предвидува формирање на тимови кои ќе патролираат и ќе санкционираат загадувачи во Општина Кисела Вода, со цел зачувување на чистотата и еколошката безбедност.

Граѓаните ќе можат преку мобилна апликација лесно да пријавуваат случаи на загадување, а тимовите ќе реагираат брзо и ефикасно.

Месечните извештаи ќе обезбедат транспарентност и информираност за спроведените активности и постигнатите резултати.

### Проект: Хуман и одржлив систем за справување со бездомни кучиња во Општина Кисела Вода

Проектот има за цел хумано намалување на бројот на бездомни кучиња преку стерилизација, чипирање и регистрација, како и изградба на современ парк за кучиња каде домашните миленици ќе можат слободно да се рекреираат.

Во соработка со здруженија и волонтери, ќе се спроведуваат акции за вдомување, додека јавната едукација ќе ја зголеми свеста за одговорно сопственицштво.

Овој систем ќе ја подобри јавната хигиена и безбедност, создавајќи поодржлива и почиста урбана средина.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## СПОРТСКИ ТУРИЗАМ

Кисела Вода ќе го развива спортскиот туризам преку промоција на спортски активности, организирање кампови и манифестации, како и изработка на публикација и апликација за спортските атракции во општината.

## „Покрсти“ во Драчево – традиција и култура

Проектот „Покрсти Драчево“ има за цел да ја промовира богатата традиција, култура и обичаите на населбата Драчево, преку развој на туристички активности и манифестации.

Преку зачувување и презентација на локалните традиционални вредности, фестивали и занаети, проектот ја поттикнува локалната економија и ја зголемува привлечноста на Драчево како културна дестинација.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Покрај досега воспоставената традиција на поддршка на културни настани, ќе овозможиме реализација и на нови манифестации кои ќе го поддржат локалниот дух на Кисела Вода и ќе овозможат поразновиден колаж на релаксација и уживање на граѓаните од општината.

- **Фестивал на пивото „Бира Фест“ во Бирарија**

„Бира Фест“ да биде традиционален фестивал посветен на пивската култура и наследството на првата пивска фабрика во регионот – Бирарија. На фестивалот ќе се промовираат различни видови пиво, локални производители и традиционални рецепти, придружени со музика, забавни содржини и гастрономија. Овој настан ќе ја слави историјата на пивото и ќе ја збогати туристичката понуда со културно и забавно искуство за сите посетители.

- **Проект: ЗАЕДНО**

Да ја обединиме имплементацијата на два посебни настани – хепенинг за започнување на учебната година на една генерација првачиња и продолжување на проектот бесплатна заедничка полуматура „Мисија полуматура”. Првачињата заедно го започнуваат своето образование со заеднички настан кој го одбележува почетокот на новиот образовен циклус, а проектот завршува со полуматура, создавајќи силна заедница и незаборавни моменти во нивното образование.

- **Проект: Отворени сцени – културни викенди во Кисела Вода**

Проектот предвидува организирање на културни викенди на отворено во неколку зелени локации низ Кисела Вода: парк Шопен, парк Македонија, парк Расадник, парк Феникс-Дупки и амфитеатарот во Драчево. Целта е создавање јавни простори за музика, театар, уметност и забава, достапни за сите граѓани, со фокус на поддршка на локални уметници и културен живот на заедницата.

- **Проект: Детски фестивал „Киселко“ – радост и креативност за најмладите**

„Киселко“ ќе биде нов детски фестивал во Кисела Вода, посветен на креативноста, играта и радоста на најмладите жители на Општината. Фестивалот ќе понуди богата програма со музички настапи, театарски претстави, работилници, игри и едукативни активности, создавајќи безбеден и забавен простор за семејно дружење. Целта е да се негува детската култура и да се поттикне активното учество на децата во општествениот и културен живот на Кисела Вода.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Субвенции за ПП апарати (противпожарна заштита)**

Поддршка за домаќинства и мали бизниси за набавка на противпожарни апарати, со цел зголемување на безбедноста и брза реакција при пожари.

- **Субвенции за технички бунари за земјоделци**

Финансиска помош за изведба на технички бунари, со цел земјоделците да користат вода за наводнување без да се троши водата за пиење од јавниот водоводен систем.

- **Субвенции за пензионери со ниски примања**

Еднократна или редовна финансиска поддршка за пензионери со најниски примања, со цел подобрување на нивниот животен стандард.

- **Субвенции за полагање возачки испит**

Помош за млади лица при полагање на возачки испит (теорија и практика), со цел да се олесни мобилноста и пристапот до вработување.

- **Субвенции за млади брачни парови – ослободување од комуналии**

Ослободување од дел или целосен износ на комунални трошоци при изградба или купување на прв дом, како поддршка за млади семејства.

- **Субвенции за новороденчиња**

Еднократна парична поддршка за секое новороденче во општината, како стимул за наталитетот и помош на младите родители.

- **Субвенции за промена на азбестни кровови**

Финансиска помош за замена на азбестните кровови на куќи и згради, со цел заштита на здравјето и подобрување на животната средина.

- **Субвенции за енергетски ефикасни фасади, кровови и лифтови во згради**

Поддршка за колективни згради при замена на фасади, покриви и стари лифтови со нови, енергетски ефикасни решенија – со цел намалување на трошоците за енергија и зголемена вредност на објектите.

### Реконструкција на пензионерските клубови

Проектот има за цел реконструкција и уредување на постојните пензионерски клубови во Кисела Вода, со фокус на создавање пријатни, безбедни и функционални простори за дружење, одмор и активности на повозрасните граѓани. Со обновени простории, пензионерите ќе добијат достоинствено место за квалитетно поминување на слободното време и активно вклучување во заедницата.

### Ресурсен центар за ранен детски развој за деца со аутизам

Проектот предвидува формирање на современ центар за рана дијагноза, интервенција и поддршка на деца со аутизам (1–7 години), со соодветен терапевтски, сместувачки и надворешен простор. Центарот ќе нуди стручна помош, времен престој за семејства од други региони и сензорно-терапевтски активности, со цел подобрување на развојот, инклузијата и квалитетот на живот на децата и нивните семејства.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

### Пензионерски дом – сместувачки капацитети во Кисела Вода

Изградба на модерен пензионерски дом со сместувачки капацитети за повозрасни лица кои имаат потреба од грижа, надзор и социјализација. Домот да биде опремен со удобни соби, заеднички простории, медицинска и психосоцијална поддршка, нудејќи достоинствени услови за живот и нега на пензионерите.

ВМРО-ДПМНЕ